**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ**
**ПАВЕЛ ШАТЕВ**

# Одговорност на родители за штета причинета од дете

----------------------------------------

Судија Сузана Милевска
Основен суд Кочани

Скопје, 17 април 2024 година

# вовед

- Зачестеност на малолетничката деликвенција
- Специфичност на постапките во кои како странки (сторители на штетни дејствија или оштетени) се јавуваат малоленици
- Законска регулатива за правата и одговорностите на родителите и децата (закон за семејството, закон за облигационите односи, закон за малолетничка правда, кривичен закон, закон за кривична постапка, закон за прекршоците, закон за социјална заштита и др.)
- Малолетничката деликвенција, семеен и оштествен

проблем

# Врсничко насилство



# ЗАКОН ЗА СЕМЕЈСТВОТО

Член 8

Родителите спрема своите деца имаат еднакви права и должности (родителско право). Односите на родителите и децата се засноваат на права и должности на родителите да се грижат за подигање, чување, воспитание и образование на своите деца и да ги развиваат нивните работни способности и навики. Родителското право го вршат родителите заедно во согласност со потребите и интересите на децата и интересите на општествената заедница. На родителот може да му биде одземено или ограничено вршењето на родителското право под услови предвидени со овој закон.

# ЗАКОН ЗА СЕМЕЈСТВОТО

Член 9

Правата и должностите на родителите и на другите роднини спрема децата, како и правата и должностите на децата спрема родителите и другите роднини се еднакви, без оглед дали децата се родени во брак или надвор од бракот.

Член 10

Родителското право престанува со полнолетство на детето или на друг начин предвиден со овој закон. Полнолетството се стекнува со наполнување 18 години од животот, кога полнолетното лице се здобива со деловна способност.

Член 12

Републиката преку старателство обезбедува заштита на децата без родители, на малолетните деца без родителска грижа и на полнолетните лица под услови и начин утврден со овој закон.

# РОДИТЕЛСКО ПРАВО

Член 44

Родителското право го сочинуваат правата и должностите на родителите да се грижат за личноста, правата и интересите на своите малолетни деца и децата над кои е продолжено родителското право.

Член 45

Родителското право им припаѓа на мајката и на таткото подеднакво. Ако еден од родителите е умрен или не е познат или му е одземено родителското право или ако од други причини е спречен да го врши родителското право, родителското право го врши другиот родител.

# ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА РОДИТЕЛИТЕ И ДЕЦАТА

Член 46

Родителите имаат право и должност да ги издржуваат своите малолетни деца, да се грижат за нивниот живот и за нивното здравје, да ги подготвуваат за самостоен живот и работа, да се грижат за нивното воспитание, школување и стручно оспособување. Детето има право да биде издржувано од своите родители, да биде згрижено, да биде заштитен неговиот живот и здравје, да биде оспособено за самостоен живот и работа, да му се обезбедат оптимални услови за негово воспитување, школување и стручно оспособување, зависно од условите на семејството.

Член 47

Малолетните деца имаат право да живеат со своите родители.

Член 48

Родителите имаат право и должност да ги застапуваат своите малолетни деца. Детето има право да биде застапувано од своите родители или старатели.

# ВРШЕЊЕ НА РОДИТЕЛСКОТО ПРАВО

Член 76

Родителското право родителите го вршат заеднички и спогодбено. Во случај на несогласување на родителите во вршењето на родителското право решава центарот за социјална работа.

Член 77

Ако тоа го бараат интересите на детето, родителите можат да го доверат детето на чување и воспитание на трето лице или да го сместат во соодветна установа. Ако родителите или родителот кој сам го врши родителското право од оправдани причини подолго време отсуствуваат од местото на живеење и со себе не ги водат децата, децата можат да ги доверат на чување и воспитание на друго лице, доколку центарот за социјална работа таквото сместување претходно го одобри. Ќе се смета дека одобрување е дадено доколку во рок од 30 дена по поднесувањето на барањето, центарот за социјална работа не донесе решение. Дете не може да се даде на чување и воспитание на лице кое не може да биде старател.

# ВРШЕЊЕ НА РОДИТЕЛСКОТО ПРАВО

Член 78

Во случаите кога родителите на детето не живеат заедно, тогаш се спогодуваат кај кого од нив детето ќе остане на чување и воспитание, а ако за тоа не можат да се спогодат или ако нивната спогодба не одговара на интересите на детето, решение за тоа ќе донесе центарот за социјална работа. Центарот за социјална работа на барање на еден од родителите или по службена должност, ќе донесе ново решение за доверување на детето на чување и воспитание ако тоа го бараат изменетите околности.

Член 79

Во случаите кога родителите на детето не живеат заедно тогаш тие се спогодуват за начинот на одржување на личните односи и непосредни контакти со детето. Доколку родителите на детето во рок од најмногу два месеца не се согласат за начинот на одржување на личните односи и непосредни контакти со детето, центарот за социјална работа донесува решение за тоа.

# ПРЕСТАНОК И ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РОДИТЕЛСКОТО ПРАВО

Член 93

Родителското право престанува со полнолетство на детето, со стапување во брак на детето пред полнолетството и со посвојување. Со стапување во брак малолетното лице се здобива со деловна способност.

Член 94

Судот, по предлог на родителите или на центарот за социјална работа може, во вонпроцесна постапка, да одлучи родителите да продолжат да го вршат родителското право, ако детето и по полнолетството поради пречки во психичкиот развој, не е способно само да се грижи за својата личност, права и интереси. Кога ќе престанат причините поради кои родителското право било продолжено судот, по предлог на родителите или на центарот за социјална работа, ќе одлучи за престанок на родителското право. Одлуката на судот од ставовите 1 и 2 на овој член се заведува во матичната книга на родените и во книгите за евиденција на недвижности.

# ПОСВОЈУВАЊЕ

Член 95

Со посвојувањето се создаваат односи какви што настануваат со раѓањето (потполно посвојување) или само односи што постојат меѓу родители и деца (непотполно посвојување). Каков однос ќе се создаде со посвојувањето зависи од волјата на посвоителот, на родителите на детето кое се посвојува, односно на неговиот старател и на самото дете ако е постаро од дванаесет години.

Права и должности на посвоителот и на посвоеникот

Член 113

Со потполното посвојување меѓу посвоителот и неговото семејство и посвоеникот и неговото потомство се создаваат права и должности кои постојат меѓу крвни роднини. Со потполното посвојување престануваат заемните права и должности меѓу посвоеното дете и неговото поранешно семејство. Ако посвоителот е брачен другар на еден од родителите на посвоеникот, посвојувањето не влијае врз односите меѓу посвоеникот и тој родител, како и спрема неговите роднини.

# СТАРАТЕЛСТВО

Член 124

Со старателството Републиката им дава посебна заштита на малолетните деца кои се без родителска грижа и на полнолетни лица на кои им е одземена или ограничена деловната способност. Според одредбите на овој закон заштитата им се дава и на други лица кои не се во состојба или немаат можност сами да се грижат за заштитата на своите права и интереси.

Член 125

Работите на старателството ги врши центарот за социјална работа непосредно, преку старатели или други лица кои вршат работи сврзани со старателството. Надлежноста на центарот за социјална работа се определува

# ОПШТИ УСЛОВИ ЗА НАСТАНУВАЊЕ НА ОБЛИГАЦИЈАТА

**ШТЕТНО ДЕЈСТВИЕ**

**ШТЕТА**

**ПРИЧИНСКА ВРСКА**

# ПОИМОТ ШТЕТА
# ЗАКОН ЗА ОБЛИГАЦИОНИ ОДНОСИ

Член 141

Тој што со вина ќе му причини штета на друг, должен е да ја надомести. (2) За штета причинета од предмети или дејности од кои произлегува зголемена опасност од штета за околината, се одговара без оглед на вината. (3) За штета без оглед на вината се одговара и во други случаи предвидени со закон.

Член 142

Штетата е намалувањето на нечиј имот (обична штета) и спречувањето на негово зголемување (испуштена корист), како и повреда на личните права (нематеријална штета).

# ШТЕТНОТО ДЕЈСТВИЕ, КАКО ПРВ ОПШТ УСЛОВ

- ШТЕТНО Е ОНА ДЕЈСТВИЕ СО КОЕ НА ОШТЕТЕНИОТ МУ СЕ ПРИЧИНУВА ШТЕТА

- ШТЕТАТА МОЖЕ ДА БИДЕ ПРИЧИНЕТА СО ОДРЕДЕНО СТОРУВАЊЕ ИЛИ ПРОПУШТАЊЕ, ИЛИ, ПАК, СО ПРЕДМЕТ ИЛИ ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ, КОИ ПРЕСТАВУВААТ ИЗВОР НА ЗГОЛЕМЕНА ОПСНОСТ

- ЗА ДЕЈСТВИЈАТА ДА СЕ ПОЈАВАТ КАКО ШТЕТНИ ПОТРЕБНО Е:

1. ДА БИДАТ ПРОТИВПРАВНИ И

2.ДОВЕДАТ ДО ПРИЧИНУВАЊЕ НА ШТЕТА НА ОШТЕТЕНИОТ

# ШТЕТА, КАКО ВТОР ОПШТ УСЛОВ

Член 142 од ЗОО

"Штетата е намалување на нечиј имот (обична штета) и спречување на негово зголемување (испуштена корист) како и нанесување на друга физичка или душевна болка или страв (нематеријална штета) повреда на личните права

# ПРИЧИНСКАТА ВРСКА (КАУЗАЛИТЕТОТ) КАКО ТРЕТ ОПШТ УСЛОВ

ПРАВЕН ПОИМ

ПРИЧИНСКАТА ВРСКА ПРЕСТАВУВА КОНКРЕТЕН ОДНОС КОЈ ПОСТОИ ПОМЕЃУ :

-ТОЧНО ОПРЕДЕЛЕНО ШТЕТНО ДЕЈСТВИЕ И

-ТОЧНО ОПРЕДЕЛЕНА ШТЕТА,

-ПРИ ШТО ШТЕТНОТО ДЕЈСТВИЕ ВО ТОЈ ОДНОС Е ПРИЧИНАТА ,

-А ШТЕТАТА Е ПОСЛЕДИЦАТА ПРОИЗЛЕЗЕНА ОД ТАА ПРИЧНА

# ТУЖБА

МАТЕРИЈАЛНА И НЕМАТЕРИЈАЛНА ШТЕТА

ЗАЕДНИЧКО

ПРЕДМЕТОТ НА ТУЖБЕНОТО БАРАЊЕ Е ОПРЕДЕЛЕН ВО

П А Р И Ч Е Н  И З Н О С

# Странки во постапката пасивна и активна легитимација

1. Посебна одговорност
   - детето како тужен
   - родителите како тужени
   - трети лица како тужен
2. Солидарна одговорност

   детето, родителите, трети лица како тужени

# НАДОМЕСТ НА ШТЕТА

Член 174

(1) Одговорното лице е должно да ја воспостави состојбата што била пред да настане штетата.

(2) Доколку воспоставувањето на поранешната состојба не ја отстранува штетата наполно, одговорното лице е должно за остатокот на штетата да даде надомест во пари.

(3) Кога воспоставувањето на поранешната состојба не е можно, или кога судот смета дека не е нужно тоа да го стори одговорното лице, судот ќе определи тоа да му исплати на оштетениот соодветна сума пари на име надомест на штетата.

(4) Судот ќе му досуди на оштетениот надомест во пари кога тој го бара тоа, освен ако околностите на дадениот случај го оправдуваат воспоставувањето на поранешната состојба.

# КОГА НЕ СЕ ОДГОВАРА ЗА ПРИЧИНЕТА ШТЕТА

Член 146

Лице кое поради душевна болест или заостанат умствен развој или од кои и да е други причини не е способно за расудување, не одговара за штетата што ќе му ја причини на друг.

(2) Тој што ќе му причини штета на друг во состојба на преодна неспособност за расудување, одговорен е за неа, освен ако докаже дека во таа состојба не се нашол по своја вина.

(3) Ако во таа состојба се нашол по туѓа вина, за штетата ќе одговара оној што го довел во таа состојба.

# Видови на штета

- Материјална штета
- Нематеријална штета
- Испуштена корист

# НАДОМЕСТ НА ШТЕТА

Член 174

(1) Одговорното лице е должно да ја воспостави состојбата што била пред да настане штетата.

(2) (2) Доколку воспоставувањето на поранешната состојба не ја отстранува штетата наполно, одговорното лице е должно за остатокот на штетата да даде надомест во пари.

(3) (3) Кога воспоставувањето на поранешната состојба не е можно, или кога судот смета дека не е нужно тоа да го стори одговорното лице, судот ќе определи тоа да му исплати на оштетениот соодветна сума пари на име надомест на штетата.

(4) (4) Судот ќе му досуди на оштетениот надомест во пари кога тој го бара тоа, освен ако околностите на дадениот случај го оправдуваат воспоставувањето на поранешната состојба.

# ОДГОВОРНОСТ НА ПОВЕЌЕ ЛИЦА ЗА ИСТА ШТЕТА СОЛИДАРНА ОДГОВОРНОСТ

ЧЛЕН 195
(1) ЗА ШТЕТА ШТО ЈА ПРИЧИНУВАЛЕ ПОВЕЌЕ ЛИЦА ЗАЕДНО, СИТЕ УЧЕСНИЦИ ОДГОВАРААТ СОЛИДАРНО.
(2) ПОДБУЦНУВАЧОТ И ПОМАГАЧОТ, КАКО И ОНОЈ ШТО ПОМОГНАЛ ДА НЕ СЕ ОТКРИЈАТ ОДГОВОРНИТЕ ЛИЦА, ОДГОВАРААТ СОЛИДАРНО СО НИВ.
(3) СОЛИДАРНО ОДГОВАРААТ ЗА ПРИЧИНЕТА ШТЕТА И ЛИЦАТА КОИ ЈА ПРИЧИНИЛЕ РАБОТЕЈЌИ НЕЗАВИСНО ЕДНО ОД ДРУГО, АКО НЕ МОЖАТ ДА СЕ УТВРДАТ НИВНИТЕ УДЕЛИ ВО ПРИЧИНЕТАТА ШТЕТА.
(4) КОГА Е НЕСОМНЕНО ДЕКА ШТЕТАТА ЈА ПРИЧИНИЛО НЕКОЕ ОД ДВЕ ИЛИ ПОВЕЌЕ ОПРЕДЕЛЕНИ ЛИЦА КОИ НА НЕКОЈ НАЧИН СЕ МЕЃУСЕБНО ПОВРЗАНИ, А НЕ МОЖЕ ДА СЕ УТВРДИ КОЕ ОД НИВ ЈА ПРИЧИНИЛО ШТЕТАТА, ТИЕ ЛИЦА ОДГОВАРААТ СОЛИДАРНО.

# Регрес на исплатувачот

Член 197

(1) Солидарниот должник што ќе исплати повеќе отколку што изнесува неговиот удел во штетата, може да бара од секој од другите должници да му го надомести она што го платил за него.

(2) Колку изнесува уделот на секој одделен должник определува судот со оглед на тежината на неговата вина и тежината на последиците што произлегле од неговото дејствување.

(3) Во случај на неможност да се утврдат уделите на должниците, врз секого паѓа еднаков дел, освен ако справедливоста бара во конкретниот случај да се одлучи поинаку.

# ПОИМОТ ДЕТЕ

Согласно Конвенцијата за правата на детето под поимот дете се поразбира човечко суштество кое нема навршено осумнаесет години на животот, ако врз основа на законот кој се однесува на детето, полнолетството не се добива порано.

Согласно нашиот Закон за правда за децата ,,дете е секое лице на возраст до 18 години,,.

# ОДГОВОРНОСТ НА МАЛОЛЕТНИК

Член 147

(1) Малолетник до наполнета седма година не одговара за штетата што ќе ја причини

(2) Малолетник од наполнета седма година до наполнета четиринаесетта година не одговара за штета, освен ако се докаже дека при причинувањето на штетата бил способен за расудување

(3) малолетник со наполнети четиринаесет години одговара според општите правила за одговорност за штета, нужна одбрана, состојба на нужда, отстранување на штета од друг

# ОДГОВОРНОСТ ЗА ДРУГ

Член 151

(1) За штета што ќе ја причини лице кое поради душевна болест или заостанат умствен развој или поради некои други причини не е способно за расудување, одговара оној кој врз основа на закон, или на одлука од надлежниот орган, или на договор, е должен да врши надзор над него.

(2) Лицето може да се ослободи од одговорноста ако докаже дека го вршел надзорот на кој е обврзан или дека штетата би настанала и при грижливо вршење на надзорот.

# Одговорност на родителите

Член 152

(1)Родителите одговараат за штетата што ќе му ја причини на друг нивното дете до наполнета седма година, без оглед на својата вина.

(2) Тие се ослободуваат од одговорност ако постојат причини за исклучување на одговорноста според правилата за одговорноста без оглед на вината.

(3) Тие не одговараат ако штетата настанала додека детето му било доверено на друго лице и ако тоа лице е одговорно за штетата.

(4) Родителите одговараат за штетата што ќе ја причини на друг нивното малолетно дете што наполнило седум години, освен ако докажат дека штетата настанала без нивна вина.

# СОЛИДАРНА ОДГОВОРНОСТ

Член 153

Ако покрај родителите за штетата одговара и детето, нивната одговорност е солидарна.

# Одговорност на друго лице за малолетник

Член 154

(1)За штетата што на друг ќе му ја причини малолетник додека е под надзор на старател, училиште или друга установа, одговара старателот, училиштето, односно другата установа, освен ако докажат дека надзорот го вршеле на начинот на кој се обврзани, или дека штетата би настанала и при грижливо вршење на надзорот.

(2) Ако за штетата одговара и малолетникот, одговорноста е солидарна.

# Посебна одговорност на родителите

Член 155

(1) Ако должноста за надзор над малолетно лице не е од родителите, туку од некое друго лице, оштетениот има право да бара надомест од родителите кога штетата настанала поради лошото воспитување на малолетникот, лошите примери или порочните навики што му ги дале родителите, или ако и инаку штетата може да им се припише во вина на родителите.

(2) Лицето врз кое во овој случај е должноста за надзор има право да бара од родителите да му го надоместат исплатениот износ ако тоа му исплатило надомест на оштетениот.

# Одговорност врз основа на справедливост

Член 156

(1) Во случај на штета што ја причинило лице кое за неа не е одговорно, а надоместот не може да се добие од лицето што било должно да води надзор над него судот може, кога тоа го бара справедливоста, а особено со оглед на материјалната состојба на штетникот и оштетениот, да го осуди штетникот да ја надомести штетата, наполно или делумно.

(2) Ако штетата ја причинил малолетник способен за расудување кој не е во состојба да ја надомести судот може, кога тоа го бара справедливоста, а особено со оглед на материјалната состојба на родителите и на оштетениот, да ги обврзе родителите да ја надоместат штетата, наполно или делумно, иако не се виновни за неа.

# Одговорност на детето за надомест на трошоци и надомест на штета со сторување на кривично дело или прекршок

Член 30

(1) Ако со дејствието, кое со закон е предвидено како кривично дело или прекршок, детето во ризик прибавило имотна корист или предизвикало штета на друг, центарот посредува меѓу детето во ризик и неговите родители/или/от, односно старатели/или/от и оштетениот заради заемно помирување и ветување дека нема да се повтори делото и за враќање на имотната корист или надоместување на предизвиканата штета.

(2) Постапката на посредување може да трае најдолго 30 дена по донесувањето на одлуката за поведување на постапка за посредување. За согласноста се составува спогодба што има значење на вонсудско порамнување.

(3) Ако посредувањето остане без успех, оштетениот може во рок од 30 дена откако е констатиран неуспехот на посредувањето, да поднесе предлог за поведување на постапка за конфискација на имотот и имотната корист од лицето врз кое е пренесен имотот или имотната корист или имотноправното барање за надоместување на штетата

# Надомест на трошоци и исполнување на имотноправни побарувања

Член 130

(1) Судот може детето да го осуди на плаќање на трошоците на постапката и на исполнување на имотноправните барања на оштетениот во согласност со одредбите од Законот за кривичната постапка, само ако на детето му изрекол казна или алтернативна мерка.

(2) Ако спрема детето е применета воспитна мерка, трошоците на постапката паѓаат на товар на Буџетот на Република Македонија, освен кога на детето му е изречена посебна обврска за надоместување на штетата од членот 44 став (2) алинеја 2 од овој закон.

(3) Трошоците за бранителот за случаите од ставовите (1) и (2) на овој член ги сносат родителите/или/от, односно старателите/или/от на детето. Кога родителите/или/от, односно старателите/или/от не се во состојба да ги платат, трошоците за адвокат паѓаат на товар на Буџетот на Република Македонија во согласност со Законот за бесплатна правна помош.

(4) Се смета дека родителите/или/от, односно старателите/или/от не се во состојба да ги платат трошоците за бранителот, ако остваруваат вкупни месечни приходи помали од просечната нето месечна плата во Република Македонија, за што треба да достават потврда за вкупните месечни приходи издадена од надлежен орган, односно организација најдоцна во рок од пет работни дена од денот на добиеното известување за потребната документација.

# Прашања



**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ**
**ПАВЕЛ ШАТЕВ**

# Б Л А Г О Д А Р А М
## на вниманието

Судија Сузана Милевска
Основен суд Кочани

**suzana.milevska@yahoo.com**